Врз основа на член 4 од Правилникот за начинот, критериумите и постапката за доделување на финансиски средства за најуспешните спортисти – средношколци на подрачјето на градот Скопје, жители на Скопје бр. 08-8238/1 од 08.072026 година, а во врска со Програмата за активностите во областа на спортот и младите во град Скопје за 2026 година ("Службен гласник на Град Скопје" бр.14/25 и 3/26), Град Скопје објавува:

**ЈАВЕН ПОВИК**

за доделување на финансиски средства во 2026 година
за најуспешните спортисти – средношколци на подрачјето на градот Скопје, жители на Скопје

**1. Предмет на јавниот повик**

1.1. Предмет на јавниот повик е доделување на финансиски средства во 2026 година за најуспешните спортисти – средношколци на подрачјето на градот Скопје, жители на Скопје, со цел да се зголеми мотивираноста кај младите спортисти – средношколци да спортуваат, да продолжат и да останат понатаму во спортот, како и зголемување на опфатот на што повеќе ученици да се занимаваат со спорт и спортски активности.

1.2. Средствата од точка 1.1 се обезбедени од Буџетот на Град Скопје за 2026 година.

1.3. Доделувањето на финансиски средства во 2026 година за најуспешните спортисти – средношколци на подрачјето на градот Скопје, жители на Скопје е утврдено со посебни услови и критериуми, што се составен дел на Правилникот за начинот, критериумите и постапката за доделување на финансиски средства за најуспешните спортисти – средношколци на подрачјето на градот Скопје, жители на Скопје бр.08–8238/1 од 08.07.2026 година.

**2. Право на учество на јавниот повик**

Право на учество на јавниот повик имаат редовни или вонредни ученици во средните училишта на подрачјето на градот Скопје, кои ги исполнуваат критериумите од Правилникот за начинот, критериумите и постапката за доделување на финансиски средства за најуспешните спортисти – средношколци на подрачјето на градот Скопје, жители на Скопје и ја доставиле потребната документација.

**3. Општи критериуми**

3.1. Апликантите за да се стекнат со право на добивање на финансиски средства, треба да ги исполнуваат следниве општи критериуми:

а) да се државјани на Република Северна Македонија;

б) да се жители на градот Скопје (во општините: Аеродром, Бутел, Гази Баба, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода, Сарај, Центар, Чаир и Шуто Оризари);

в) да се редовни или вонредни ученици во средно училиште на подрачјето на градот Скопје;

г) да се активни спортисти и членови на спортски клубови регистрирани во Централен регистар со седиште во градот Скопје и да се државни репрезентативци регистрирани во соодветните национални спортски федерации;

д) да имаат постигнат успех во образованието (просек на оценките во свидетелство);

ѓ) да имаат постигнати високи спортски резултати во екипни и индивидуални спортови од периодот 27.07.2025 година до завршување на јавниот повик во тековната година и тоа: освоени медали на светски, европски и балкански првенства во олимписки и неолимписки спортови, освоени медали на светски и европски купови во олимписки спортови, освоени домашни првенства или државни купови, како и постигнато истакнати лични индивидуални резултати на репрезентативно ниво и поставување на државни рекорди на официјални натпревари.

3.2. Пристигнатите пријави ги отвора, разгледува и бодува Комисија формирана од Градоначалникот на Град Скопје.

3.3. Поднесените пријави треба да ги задоволуваат општите и бодовните критериуми кои се составен дел на Правилникот, кој што ќе биде објавен на официјалната веб-страница на Град Скопје (www.skopje.gov.mk).

3.4. Во постапката за доделување на финансиските средства ќе бидат избрани оние апликанти кои согласно општите и бодовните критериуми утврдени со Правилникот ќе обезбедат најмалку **50** бодови.

**4. Начин на пријавување и задолжителна документација**

4.1. Пријавувањето на Јавниот повик се врши со доставување на целосно пополнета пријава (пријавата ќе биде објавена на веб-страницата на Град Скопје: www.skopje.gov.mk).

4.2. Апликантите кои учествуваат на Јавниот повик, за исполнување на критериумите се должни да ја достават следната документација:

а) копија од извод од матична книга на родени на апликантот;

б) потврда од средното училиште каде апликантот е редовен или вонреден ученик во тековната година за која аплицира;

в) копија од свидетелството за претходно завршената учебна година;

г) потврда од клубот дека е член на истиот;

д) потврда од матичната национална федерација за постигнатите спортски резултати на апликантот за период наведен во Јавниот повик објавен во тековната година и дека е државен репрезентативец;

ѓ) доказ за жителство во градот Скопје (жителство во општините: Аеродром, Бутел, Гази Баба, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода, Сарај, Центар, Чаир и Шуто Оризари);

е)копија од предната страна на трансакциска сметка (исклучиво лична на барателот, не ополномоштена од трето лице, а доколку барателот е малолетно лице трансакциската сметка треба да е исклучиво лична на барателот ополномоштена од родител/старател);

з) доказ дека се регистрирани како даночни обврзници во системот на Е-ПДД на Управата за јавни приходи.

**5. Рок и начин на доставување на пријавите**

5.1. Јавниот повик се објавува на веб-страницата на Град Скопје (www.skopje.gov.mk).

5.2. Јавниот повик ќе трае 15 денови, сметано од денот на неговото објавување

5.3. Потребната документација, апликантите ја поднесуваат во затворен плик до Комисијата преку Архивата на Град Скопје (барака 16), со назнака: „До Сектор за јавни дејности – Комисија за спроведување на постапка за доделување на финансиски средства за најуспешните спортисти – средношколци на подрачјето на градот Скопје, жители на Скопје".

5.4. Пликот не смее да содржи никаква ознака која би можела да го идентификува апликантот.

5.5. Пријавата со потребната документација се доставува во еден оригинален примерок, целосно пополнета и потпишана од барателот на финансиски средства.

**6. Начин на спроведување на јавниот повик**

6.1. За утврдување на исполнувањето на критериумите од Правилникот за начинот, критериумите и постапката за доделување на финансиски средства, Градоначалникот на Град Скопје формира Комисија за спроведување на постапка за доделување на финансиски средства за најуспешните спортисти – средношколци на подрачјето на градот Скопје, жители на Скопје.

6.2. За пријавите кои се комплетни, навремени и ги исполнуваат критериумите од Правилникот, Комисијата доставува предлог до Градоначалникот на Град Скопје за доделување на финансиски средства на апликантите.

6.3. Градоначалникот на Град Скопје на предлог на Комисијата донесува Решение за доделување на финансиски средства.

6.4. Ненавремено доставените пријави, Комисијата нема да ги разгледува.

6.5. Комисијата ќе ги извести апликантите чии пријави се прифатени и апликантите чии пријави се отфрлени како некомплетни, ненавремени и кои не ги исполнуваат критериумите од Правилникот.

***За дополнителни информации:***

Дополнителни информации можат да се добијат во Секторот за јавни дејности – одделение за спорт и млади на телефоните: 3297-238 и 3297-320.

**ГРАД СКОПЈЕ**